Food and Agriculture Organization of the United Nations

Република Северна Македонија
**Влада на Република Северна Македонија**

# Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам за Зелениот климатски фонд

# ИНФОРМАТИВЕН ЛЕТОК ЗА АНГАЖИРАНОСТА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

## Краток преглед на проектот

Проектот "Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам за Зелениот климатски фонд" е прв проект на Република Северна Македонија од Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка на Зелениот климатски фонд (ЗКФ). Го спроведува Организацијата за храна и земјоделство при ООН (ФАО) под раководство на Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, како Национален назначен орган (ННО) за Зелениот Климатски Фонд (ЗКФ).

Проектот се фокусираше на зајакнување на институционалните капацитети на ННО со цел ефективно да ги исполнува своите улоги и одговорности поврзани со ЗКФ, помогна да се креираат потребните партиципативни процеси за вклучување на сите засегнати страни на национално ниво, како и да се започне со подготовка на Работната програма за земјата за ЗКФ усогласена со националните приоритети за адаптација и ублажување на климатските промени, со Целите за одржлив развој и со критериумите за инвестирање на Зелениот Климатски Фонд.

Проектот ги следеше водечките начела на ЗКФ за родовите прашања, малцинствата и ранливите групи со цел да обезбеди оваа перспектива да е приоритет при соработката на Република Северна Македонија со Фондот.

## Ангажирање на засегнатите страни

ЗКФ ги охрабрува властите, односно ННО да започнат редовен дијалог со главните засегнати страни во врска со активностите и плановите на ЗКФ, како и со засегнатите страни релевантни за еколошките и социјални гаранции и родовите аспекти. Во таа насока, ЗКФ го потпомага воспоставувањето на механизми за ефективна комуникација и соработка меѓу ЗКФ, ННО и идентификуваните главни национални засегнати страни.

Ангажираноста на засегнатите страни, како област на подготвеност 2 од проектот, е гаранција дека биле преземени потребните консултативни процеси со засегнатите страни во државата, со што се обезбедува развивање на капацитетите, ангажираност и сопственост, како и потребниот партиципаторен пристап при одлучувањето.

Во рамките на проектот се идентификуваа главните национални засегнати страни, се утврдија механизми за ефективна комуникација и ангажирање на засегнатите страни и се организираа десет (10) настани на кои засегнатите страни беа консултирани за прашања поврзани со ЗКФ.

**ОРГАНИЗИРАНИ НАСТАНИ** — **10**

**КОНСУЛТИРАНИ УЧЕСНИЦИ** — **300**

**ВКЛУЧЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ** — **71**

*Приказ на консултациите на засегнатите страни во рамките на првиот Проект за подготвеност и подготвителна поддршка во Северна Македонија, октомври, 2019 година*

## Настани за консултација на засегнатите страни

Во периодот од март до август 2019 година, проектниот тим од ННО и од ФАО спроведе три (3) консултативни настани со засегнатите страни во Северна Македонија, и тоа:

1. Почетна национална работилница за Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка за Зелениот климатски фонд, која се одржа на 28 март 2019 година во Скопје;
2. Прв национален настан за консултација на засегнатите страни, кој се одржа на 7 јуни 2019 година во Скопје
3. Втор национален настан за консултација на засегнатите страни, кој се одржа на 12 и 13 јули 2019 година во Маврово.

Во овие процеси за консултација беа вклучени преку 300 учесници од преку 70 организации, меѓу кои и од:

- Релевантните министерства
- Релевантните владини агенции
- Приватниот сектор
- Академските установи
- Граѓанскиот сектор
- Меѓународните организации

Главната цел на овие консултативни настани беше да:

- Се информираат релевантните засегнати страни за активностите и очекуваните резултати од проектот;
- Да се консултираат релевантните засегнати страни за механизмот за координација и приоретизација, како и за критериумите за приоретизација за проектите изработени во Република Северна Македонија кои ќе се доставуваат за разгледување до ЗКФ;
- Јавно да се дискутира за различни теми/прашања поврзани со подготвеноста за соработка со Зелениот климатски фонд.




Втор национален консултативен настан, Маврово

## Фокус групи за климатски финансии

Во периодот од јуни до октомври 2019 година беа организирани три (3) фокус групи за климатски финансии, додека третата беше и работилница за вклучување на засегнатите страни со особен фокус врз приватниот сектор. Целта на фокус групите беше да се соберат најрелевантните институции и засегнати страни во процесот за следење и мониторинг на климатските финансии, да се дискутираат предложените процедури за мониторинг на климатските финансии и да се разменат мислења и идеи кои ќе бидат вградени во процедурите за следење, мониторинг и насочување на климатските финансии во Република Северна Македонија.

Во фокус групите учествуваа преку 35 учесници од 18 релевантни организации, меѓу кои Министерството за животната средина и просторно планирање, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Министерството за економија, Секретаријатот за европски прашања, Државниот завод за статистика, Развојната банка на Северна Македонија, Македонската банкарска асоцијација, Стопанската комора на Северна Македонија, комерцијалните банки и приватни компании.




Прва национална консултативна средба, Скопје

## Работилници за калибрација на механизмот за приоретизација и координација за Зелениот климатски фонд

Во периодот од јули до август 2019 година се одржаа две (2) работилници за калибрација на механизмот за приоретизација и координација за Зелениот климатски фонд, со следните цели:

- Да се разговара и договори Механизмот за координација и процедурата за приоретизација на проекти за ЗКФ во Република Северна Македонија;
- Да се разгледа и дефинира националната процедура „Без - приговор" за проектите за ЗКФ, која ќе ја спроведува ННО;
- Да се потврдат улогите и одговорностите на секој орган во Механизмот за координација за Зелениот климатски фонд.

Покрај ова, по втората работилница за калибрација се спроведе и обука со вработените во ННО за процедурата „Без-приговор".




Работилница за калибрација и приоретизација за ЗКФ, Маврово

Овие консултации се одржаа со учество на ННО, тимот на ФАО и другите најрелевантни министерства и владини институции.

## Годишен преглед на портфолиото на ЗКФ

Како последен настан за ангажирање на засегнатите страни во рамките на проектот, на 30 октомври 2019 година во Скопје се одржа состанок на Националниот совет за одржлив развој (НСОР) со наслов „Зајакнување на климатската акција во Република Северна Македонија". Состанокот се состоеше од сегмент на повисоко ниво и техничка информативна сесија, и тоа:

- Сегмент на високо ниво: Се одржа состанок на Националниот совет за одржлив развој за официјално потврдување на резултатите од проектот „Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам за Зелениот климатски фонд", односно на предложениот национален механизам за координација, механизмите и критериумите за приоретизација и процедурата „Без - приговор" кои ќе се спроведуваат за проектите кои се изработуваат во Северна Македонија и се доставуваат за финансирање до ЗКФ;
- Техничка информативна сесија: Во Република Северна Македонија се објави првиот повик за доставување на проектни идеи за финансирање од ЗКФ.

На настанот присуствуваа преку 100 претставници од релевантни министерства, национални институции, локални самоуправи, од граѓанскиот сектор, приватниот сектор, академските установи и меѓународните организации.




Состанок на НСОР, Скопје

### КОНТАКТИ

Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Влада на Република Северна Македонија – Национален назначен орган за Зелениот климатски фонд
- daniel.josifovski@gs.gov.mk
- olimpija.zaevska@vlada.gov.mk

Организација за храна и земјоделство при ООН (ФАО) - Партнер за имплементација
- FAO-MK@fao.org
- Carmen.arguellolopez@fao.org

© FAO, 2019
cc BY NC SA

CA7293MK/1/1 2.19